

# Каролина Гочева: Реткост е да се види компанија која на толку многу начини се труди околу својот тим

Возбудени сме да објавиме дека од почетокот на четвртиот квартал оваа година, па сè до четвртиот квартал 2016, Каролина Гочева ќе биде заштитно лице на AVON Македонија. Таа ќе се појави во брошурите на AVON, препорачувајќи неколку внимателно одбрани премиум производи, но ќе следат и голем број изненадувања поврзани со оваа соработка.

А, што вели таа за соработката?



**Драги пријатели,**

*Драго ми е што конечно ќе имам прилика одблизу да го запознаам овој интернационален бренд и да видам кој е успешниот продажен тим на оваа компанија. После повеќе од 20 години искуство во мојата кариера, сфаќам колку значи да имаш некој кој континуирано те поддржува да растеш и да се развиваш во тоа што сакаш да го работиш. И најважно, некој што не ти дозволува да се откажеш во исполнувањето на својот сон. А токму тоа постојано го прави и AVON кон својата продажна структура.*

*Особено сум инспирирана што во AVON жените имаат можност да се реализираат на повеќе начини: преку убавина, дружење, кариера, заработка...*

*Навистина ме импресионираше тоа што оваа компанија ги нуди сите можности за беспрекорен и континуиран раст во кариерата, а веќе имав и прилика да запознаам дами кои се стремат да бидат подобри, да ги остварат своите соништа, дами  кои храбро ги искористиле сите можности кои им се понудени и кои се комплетно среќни жени од сите аспекти.*

*Вистинска реткост е да видам дека една компанија на толку многу начини се труди околу својот тим, почнувајќи од безброј можности за заработка, преку мотивациски програми, бонуси, присуство на гала настани, ексклузивни подароци, па сè до сеопфатна бесплатна тренинг платформа. Дополнително, чест е да се работи со компанија која е и социјално одговорна и која од година во година остварува сè поголеми донации во своите кампањи за Борба против ракот на дојка и Борба против семејното насилство.*

*Исто така, разгледувајќи ја брошурата на AVON и подготвувајќи се за фото-сесијата, успеав да согледам колку голем тим стои зад 180 страни возбуда, кои се подготвуваат на секои 3 недели. Потребни ми беа 30 минути добро да ја разгледам за да можам да го направам мојот избор на производи. Фасцинантно е да се види колку голем и колку професионален тим стои „позади сцената“ за време на фото-сесиите со цел најдобро можно претставување на производите на AVON. Во текот на овие 20 години откако се занимавам со јавната сцена сум била дел од многу професионални фото-сесии, но да се работи  со високопрофесионалниот тим на AVON, за мене беше вистинско уживање.*

*И на самиот крај, доколку би морала во една реченица да сумирам зошто за мене претставува огромно задоволство да работам со ваков бренд, би рекла AVON е во вистинска смисла на зборот компанија за жените. Таа не само што продава производи за убавина, туку истовремено и ги отвора вратите на жените да изградат сопствен бизнис и се грижи за нивното здравје и благосостојба. AVON докажува дека убавината има цел!*

Karolina